20120842220

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО СИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006,1 8/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 18 јуни 2012 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА УСЛУГИ ВО БОЛНИЧКАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА АКУТНИ СЛУЧАИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи („Службен весник на Република Македонија“ број 164/2008, 5/2009, 8/2009, 18/2009, 158/2009, 2/2010, 9/2010, 16/2010, 81/2010, 171/2010, 33/2011, 66/2011, 99/2011 и 181/2011), во членот 2, во табелата, по здравствената услуга со шифра А09В – „Трансплантација на бубрег без трансплантација на панкреас , без катастрофални КК”, се додаваат следните здравствени услуги:

Шифра на ДСГ	Вид на ДСГ услуга	Референтна цена
А10Z	Трансплантација на рожница	69.150
А11Z	Припрема на донор, мултиорганска експлантација и експлантација на ткиво	315.250
А12Z	Припрема на донор и мултиорганска експлантација	298.400
А13Z	Припрема на донор и експлантација на орган	307.100
А14Z	Припрема на донор и експлантација рожнице/очна јаболкница едностран и/или двостран	15.570

По здравствената услуга со шифра А41В – „Интубација кај возраст <16 без КК“, се додава следната здравствена услуга:

Шифра на ДСГ	Вид на ДСГ услуга	Референтна цена
А42Z	Серолошка обработка на донорот на органи/ткива	12.460

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02 – 10428/7
18 јуни 2012 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Елена Трпковска, с.р.